# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ФИСКАЛНА ЕКОНОМИЈА НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр.1202-217/6 од 1.12.2017 година донесена на 148. седница на Наставно-научниот совет на Економски факултет, одржана на 30.11.2017 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област ***фискална економија*** на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во состав:

– проф. д-р Трајко Мицески, редовен професор на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип (претседател);
– проф. д-р Живко Атанасовски, редовен професор на Економски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (член);
– проф. д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска, вонреден професор на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија” и „Коха“ на 21.10.2017 година и во предвидениот рок се пријави **доцент д-р Стеван Габер**.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Економски факултет да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Кандидатот **д-р Стеван Габер** е роден на 8.3.1980 год. во Велес, Македонија. Основно и средно образование завршува во Велес, а дипломира на насоката Финансиски менаџмент на Економски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. По завршувањето на додипломските студии се запишува на постдипломски студии на департманот Монетарна економија на Економски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, кои ги завршува со просек 8,9. Во мај 2006 година успешно го одбранува магистерскиот труд „*Јавниот избор во финансирањето на јавните добра*“, при што се стекнува со диплома магистер по економски науки. На докторски студии на истиот факултет се запишува во 2008 год. под менторство на проф. д-р Живко Атанасовски, а докторската дисертација „*Буџетскиот дефицит, јавниот долг и економските импликации*“ успешно ја одбранува на 6.7.2011 година и се стекнува со диплома доктор на економски науки.

Работното искуство на кандидатот започнува во 2006 година со ангажманот во Министерството за финансии, Сектор за даночен и царински систем, а веќе во април 2007 година, од страна на Матичната комисија на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, е избран во асистент на група предмети од област финансии на Економскиот факултет во Штип. Во 2013 година е избран во доцент на истоимениот факултет.

Кандидатот поседува одлично познавање на англискиот јазик и делумно на германски и шпански јазик, како и одлични познавања од компјутерската литература (Word, Excell, Power Point и останати апликации) верифицирани со бројни сертификати. Дополнително, тој поседува сертификати за комуникациски вештини и јавен настап и за посета на Академијата за економија, инвестиции и развој организирана од Фондацијата „Конрад Аденауер“.

Во неговиот работен опус влегува и драгоценото искуство што го стекнува со презентација на бројни реформски активности на Владата пред реномирани кредитни рејтинг агенции, како и учеството во меѓународни и домашни проекти.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање вонреден професор***

1. Доцент од научната област во која се избира (во 2013 год. кандидатот е избран во доцент на Катедрата за финансии во областа фискална економија, со тема на докторската дисертација „Буџетскиот дефицит, јавниот долг и економските импликации“);
2. Објавени најмалку пет научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации:

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Gaber, Stevan and Gruevski, Ilija and Gaber, Vasilka | *Public debt management* | Perspectives of Innovations, Economics & Business, 13 (2). pp. 12-18. ISSN 1804-0519 (Print), ISSN 1804-0527 (Online) | Од 2009 |
| 2 | Gruevski, Ilija and Gaber, Stevan and Gaber, Vasilka | *Effective tax burden on investment at corporate level in Macedonia* | Perspectives of Innovations, Economics & Business, 13 (2). pp. 19-31. ISSN 1804-0527 (Online) | Од 2009 |
| 3 | Gaber, Stevan and Gruevski, Ilija and Gaber, Vasilka | *The effects of discretionary fiscal policy on macroeconomic aggregates* | BEH - Business and Economic Horizons, 9 (1). pp. 33-40. ISSN 1804-5006 | Од 2010 |
| 4 | Gaber, Stevan and Gaber, Vasilka and Gruevski, Ilija | *The Role of Fiscal Rules in Ensuring Fiscal Discipline* | International Journal of Sciences: Basic and Applied Research, 19 (1). pp. 17-26. ISSN 2307-4531 | Од 2009 |
| 5 | Gruevski, Ilija and Gaber, Stevan | *Corporate Taxation and Investment: The Case of the Split Rate Corporate Tax System in Macedonia* | Economic Analysis, 2014 (3-4). pp. 136-157. ISSN 1821-2573 | Од 2007 |
| 6 | Gruevski, Ilija and Gaber, Stevan and Gogova Samonikov, Marija | *The Comprehensive Business Income Tax System: A Proposal for Ultimate Neutrality between Debt and New Equity Issues?* | International Journal of Sciences: Basic and Applied Research (IJSBAR), 24 (6). pp. 30-44. ISSN 2307-4531 | Од 2009 |
| 7 | Gruevski, Ilija and Gaber, Stevan | *ACE Tax vs ASE Tax:The Croatian and Nordic Experience for Higher Neutrality* | International Journal of Sciences: Basic and Applied Research (IJSBAR), 24 (3). pp. 265-282. ISSN 2307-4531 | Од 2009 |
| 8 | Gaber-Naumoska, Vasilka and Gaber, Stevan and Gruevski, Ilija and Naumoski, Aleksandar | *The Coordination of Fiscal and Monetary Policy in Context of Economic Stability - The Case of Macedonia* | International Journal of Sciences: Basic and Applied Research, 24 (7). pp. 210-218. ISSN 2307-4531 | Од 2009 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 9 | Gaber, Stevan and Gaber-Naumoska, Vasilka and Naumoski, Aleksandar and Gruevski, Ilija | *The Comprehension of the Financial Crises* | International Journal of Sciences: Basic and Applied Research, 24 (7). pp. 229-237. ISSN 2307-4531 | Од 2009 |
| 10 | Gaber, Vasilka and Gaber, Stevan and Gruevski, Ilija | *Coordination of EU Politics* | Economic Development, 15 (3). pp. 221-233. ISSN 1409-7893 | Од 2010 |
| 11 | Gruevski, Ilija and Gaber, Stevan | *Classical corporation tax system: the classical model of pure "double" taxation of company's income* | Economic Development, 17 (3/2015). pp. 241-254. ISSN 1857-7741 (on line) | Од 2010 |

3. Или три научни труда во научно списание со импакт фактор во последните пет години:

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Импакт фактор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Naumoski, Aleksandar and Arsov, Sasho and Gaber, Stevan and Gaber-Naumoska, Vasilka | *Diminishing inter-linkages of the South East European stock markets* | Economic Computation and Economic Cybernetics Studies and Research, 51 (3). pp. 91-108. ISSN 1842–3264 | 0,317 |

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Наставно-образовниот ангажман на доц. д-р Стеван Габер започнува во 2007 година со неговиот избор во асистент на група предмети од областа финансии. Тој ги покрива следните предмети: Основи на финансии, Јавни финансии, Фискален систем и фискална политика на ЕУ, Монетарна и фискална политика, Монетарна економија, Економија на јавен сектор. Во 2010 година е реизбран во истото звање.

Во 2013 година д-р Стеван Габер е избран во доцент во област фискална економија, каде што ги покрива следните предмети: Јавни финансии, Фискален систем и фискална политика на ЕУ, Економија на јавен сектор, Локални финансии, Осигурување.

Во времето на академскиот ангажман како доцент кандидатот има остварено успешна наставно-образовна и научноистражувачка дејност изразена преку:

- редовно одржување на предавања и вежби;
- објавени преку 45 научни и стручни трудови, скрипти и практикуми;
- учества на меѓународни конференции;
- менторства на дипломски трудови;
- учество во настава на втор циклус студии;
- менторства на магистерски трудови.

***Во прилог на документацијата за избор, а согласно со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, кандидатот доц. д-р Стеван Габер ги достави во прилог следниве трудови:***

**Учебни помагала (скрипта и практикум)**

1. Gaber, Stevan (2017) *ФИСКАЛНА ПОЛИТИКА НА ЕВРОПСКА УНИЈА*. Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, Штип. ISBN 978-608-244-431-4.
2. Gaber, Stevan (2017) *ФИСКАЛНА ПОЛИТИКА НА ЕВРОПСКА УНИЈА - ПРАКТИКУМ*. Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, Штип. ISBN 978-608-244-432-1.

**Научен труд објавен во списание со импакт фактор**

Naumoski, Aleksandar and Arsov, Sasho and Gaber, Stevan and Gaber-Naumoska, Vasilka (2017) *Diminishing inter-linkages of the South East European stock markets.* Economic Computation and Economic Cybernetics Studies and Research, 51 (3). pp. 91-108. ISSN 1842–3264 - (Импакт фактор труд до 1) (http://eprints.ugd.edu.mk/18300/)

**Научни трудови објавени во меѓународно научно списание**

Naumoski, Aleksandar and Gaber, Stevan and Gaber-Naumoska, Vasilka (2017) *Empirical distribution of stock returns of Southeast European emerging markets.* UTMS Journal of Economics, 8 (2). pp. 67-77. ISSN 1857-6982 (http://eprints.ugd.edu.mk/18259/)

Gaber, Stevan and Gaber-Naumoska, Vasilka and Naumoski, Aleksandar (2016) *The Effects on the Aggregate Demand and Aggregate Supply during the Great Economic Depression.* Journal of Economics, 1 (2). ISSN 1857-9973 (http://eprints.ugd.edu.mk/16913/)

Gaber-Naumoska, Vasilka and Gaber, Stevan and Naumoski, Aleksandar (2016) *The Great Economic Depression and the Fiscal Policy.* Journal of Economics, 1 (2). ISSN 1857-9973 (http://eprints.ugd.edu.mk/16912/)

Naumoski, Aleksandar and Gaber, Stevan and Gaber-Naumoska, Vasilka (2016) *Economic Evaluation of Investment Project for Maintenance of Urban Forestry.* Journal of Economics and Sustainable Development, 7 (2). pp. 36-50. ISSN (Paper)2222-1700 (Online)2222-2855 (http://eprints.ugd.edu.mk/16439/)

Naumoski, Aleksandar and Arsov, Saso and Gaber, Stevan and Gaber-Naumoska, Vasilka (2016) *Expected Equity Risk Premium: Survey Approach in the Case of a Small Emerging Market.* Research Journal of Finance and Accounting, 7 (2). pp. 7-17. ISSN 2222-1697 (Paper) 2222-2847 (Online) (http://eprints.ugd.edu.mk/16438/)

Gaber, Stevan and Gaber-Naumoska, Vasilka and Naumoski, Aleksandar and Gruevski, Ilija (2015) *The Comprehension of the Financial Crises.* International Journal of Sciences: Basic and Applied Research, 24 (7). pp. 229-237. ISSN 2307-4531 (http://eprints.ugd.edu.mk/14659/)

Gaber-Naumoska, Vasilka and Gaber, Stevan and Gruevski, Ilija and Naumoski, Aleksandar (2015) *The Coordination of Fiscal and Monetary Policy in Context of Economic Stability - The Case of Macedonia.* International Journal of Sciences: Basic and Applied Research, 24 (7). pp. 210-218. ISSN 2307-4531 (http://eprints.ugd.edu.mk/14658/)

Gruevski, Ilija and Gaber, Stevan (2015) *ACE Tax vs ASE Tax:The Croatian and Nordic Experience for Higher Neutrality.* International Journal of Sciences: Basic and Applied Research (IJSBAR), 24 (3). pp. 265-282. ISSN 2307-4531 (http://eprints.ugd.edu.mk/14551/)

Gruevski, Ilija and Gaber, Stevan and Gogova Samonikov, Marija (2015) *The Comprehensive Business Income Tax System: A Proposal for Ultimate Neutrality between Debt and New Equity Issues?* International Journal of Sciences: Basic and Applied Research (IJSBAR), 24 (6). pp. 30-44. ISSN 2307-4531 (http://eprints.ugd.edu.mk/14552/)

Gruevski, Ilija and Gaber, Stevan (2014) *Corporate Taxation and Investment: The Case of the Split Rate Corporate Tax System in Macedonia.* Economic Analysis, 2014 (3-4). pp. 136-157. ISSN 1821-2573 (http://eprints.ugd.edu.mk/11888/)

Gaber, Stevan and Gaber, Vasilka and Gruevski, Ilija (2014) *The Role of Fiscal Rules in Ensuring Fiscal Discipline.* International Journal of Sciences: Basic and Applied Research, 19 (1). pp. 17-26. ISSN 2307-4531 (http://eprints.ugd.edu.mk/11715/)

Gaber, Vasilka and Gaber, Stevan and Gruevski, Ilija (2014) *The American real estate bubble - Trigger for the biggest financial crisis in the last century.* Perspectives of Innovations, Economics and Business, 14 (1). ISSN 1804-0519 (online); 1804-0527 (print) (http://eprints.ugd.edu.mk/10959/)

Gruevski, Ilija and Gaber, Stevan (2013) *Indicators of the corporate income tax burden in Macedonia.* Balkan Social Science Review, 2. pp. 223-251. ISSN 1857- 8772 (http://eprints.ugd.edu.mk/8619/)

Gaber, Stevan and Gruevski, Ilija and Gaber, Vasilka (2013) *The effects of discretionary fiscal policy on macroeconomic aggregates.* BEH - Business and Economic Horizons, 9 (1). pp. 33-40. ISSN 1804-5006 (http://eprints.ugd.edu.mk/7557/)

Gruevski, Ilija and Gaber, Stevan and Gaber, Vasilka (2013) *Effective tax burden on investment at corporate level in Macedonia.* Perspectives of Innovations, Economics & Business,

13 (2). pp. 19-31. ISSN 1804-0527 (Online) (http://eprints.ugd.edu.mk/7559/)

Gaber, Stevan and Gruevski, Ilija and Gaber, Vasilka (2013) *Public debt management.* Perspectives of Innovations, Economics & Business, 13 (2). pp. 12-18. ISSN 1804-0519 (Print), ISSN 1804-0527 (Online) (http://eprints.ugd.edu.mk/7558/)

Gaber, Vasilka and Gaber, Stevan and Gruevski, Ilija (2013) *Coordination of EU Politics*. Economic Development, 15 (3). pp. 221-233. ISSN 1409-7893

Gruevski, Ilija and Gaber, Stevan (2015) *Classical corporation tax system: the classical model of pure "double" taxation of company's income*. Economic Development, 17 (3/2015). pp. 241-254. ISSN 1857-7741 (on line)

**Меѓународни научни публикации: научни трудови презентирани на меѓународни научни собири**

Gruevski, Ilija and Gaber, Stevan (2016) *Tax Treatments of Private Pension Plans.* In: Управување со развојот на економските регионални системи: Евроазиска перспектива, 30-31 May 2016, Stip, Macedonia. (http://eprints.ugd.edu.mk/17513/)

Gruevski, Ilija and Gaber, Stevan (2014) *Fiscal policy and economic development.* In: Knowledge - International Journal Scientific and applicative papers, 27-29 Nov 2014, Bansko, Bulgaria. (http://eprints.ugd.edu.mk/11560/)

Gruevski, Ilija and Gaber, Stevan (2014) *Реформата на пензискиот систем во глобални рамки (општи трендови и правци).* In: International scientific conference "Social change in the global world", 11-13 Sep 2014, Stip, Macedonia. (http://eprints.ugd.edu.mk/11561/)

**Трудови во стручни (научно-популарни) списанија**

Gaber, Stevan and Gruevski, Ilija (2016) *Економски теории на јавен избор.* Годишен зборник, 10. pp. 49-61. ISSN 1857-7296 (http://eprints.ugd.edu.mk/16806/)

Gaber, Stevan and Gruevski, Ilija (2015) *Финансиската криза во Бразил и Аргентина.* Годишен зборник, Економски факултет, 9. pp. 87-99. ISSN 1857-7628 (http://eprints.ugd.edu.mk/14554/)

Gruevski, Ilija and Gaber, Stevan (2015) *Природата и ефектите на даночната инциденца (со посебна анализа на некои одбрани земји).* Годишен зборник, Економски факултет, 9. pp. 27-48. ISSN 1857-7628 (http://eprints.ugd.edu.mk/14553/)

Gaber, Stevan and Gruevski, Ilija and Gaber, Vasilka (2014) *Теории за буџетска рамнотежа.* Yearbook, Faculty of Economics, Goce Delcev University - Stip, 6. pp. 77-87. ISSN 1857- 7628 (http://eprints.ugd.edu.mk/11558/)

Gaber, Stevan and Gaber, Vasilka and Gruevski, Ilija (2014) *Релевантноста на фискалните стимулации.* Yearbook, Faculty of Economics, Goce Delcev University - Stip, 6. pp. 133-141. ISSN 1857- 7628 (http://eprints.ugd.edu.mk/11559/)

Gaber, Stevan and Gaber, Vasilka (2013) *Улогата на фискалната политика во рамките на кризата во Мексико или „Tequila Crisis" од 1994 – 1995 година.* Yearbook, Faculty of Economics, Goce Delcev University - Stip, 5. pp. 83-92. ISSN 1857- 7628 (http://eprints.ugd.edu.mk/10958/)

Gaber, Stevan and Gaber, Vasilka (2013) *The basic principles for optimal monetary policy implementation.* Yearbook, Faculty of Economics, 5. pp. 47-63. ISSN 1857- 7628 (http://eprints.ugd.edu.mk/10957/)

**Докторска дисертација**

3. Габер, Стеван (2011) *Буџетскиот дефицит, јавниот долг и економските импликации*. Економски факултет, УКИМ, Скопје.

**Научен проект**

4. Sofijanova, Elenica and Temjanovski, Riste and Marjanova Jovanov, Tamara and Davcev, Ljupco and Stevan Gaber (2016) *Јакнење на деловните капацитети на жените претприемачи во Република Македонија, како земја во развој / Strengthening (of) the capacity of women entrepreneurs in Republic of Macedonia, as a developing country.* Проектот е финансиран од Фондот за научноистражувачка дејност на УГД.

**Кратка евалуација на сите трудови:**

**Евалуација на труд бр. 1: Фискална политика на ЕУ.** Фискалната политика претставува една од најзначајните економски политики која треба да овозможи подобрување на животниот стандард на граѓаните во една национална економија. Со примената на јавните

приходи и јавните расходи треба да се овозможи остварување на многубројни економски и социјални цели во општеството од кои најважни се: полна вработеност, ниска стапка на инфлација, високи стапки на економски раст и развој и сл. Таквата интенција би останала неостварена доколку нема соодветна соработка и координација со монетарната политика раководена од централната банка. Во секоја национална економија, координацијата меѓу фискалната и монетарната политика е круцијален фактор за остварување на поставените макроекономски цели. Токму тоа е проблемот во Европската Унија, бидејќи од една страна имаме унифицирана монетарна политика управувана од една Европска централна банка, а од друга, суверена национална фискална политика менаџирана од секоја посебна држава-членка на ЕУ. Независната и неодговорна фискална политика на некои земји во Унијата генерираше сериозни економски проблеми, кои се пренесоа и на останатите земји во ЕУ кои водат прудентна фискална политика. Според тоа, ракописот „Фискална политика на ЕУ“ има за цел да ги долови досегашните реформи и напредокот што е постигнат во полето на фискалната политика на Европската Унија, но и соодветно да ги елаборира и предизвиците поврзани со поголемата економска интеграција. Тоа дефинитивно во прв план го става Буџетот на ЕУ, процесот на даночна хармонизација и должничките аспекти на фискалната политика на Унијата. Иако ова поле сè уште не е експлоатирано максимално од ЕУ, очигледни се напорите што се прават за решавање на овие отворени фискални прашања што води кон оправданост за издавање на еден таков ракопис. Авторот првенствено адресира некои основни прашања поврзани со основањето на Европската Унија, а потоа се пристапува кон обработка на некои основни монетарни прашања, како она за економска и монетарна унија. Најважниот фокус во трудот е посветен на фискалните прашања кои заслужуваат сериозен пристап поради нивната релевантност, која можеше да се воочи и со последната европска должничка криза. Предизвици во Европската Унија се бројни, започнувајќи со заедничкиот буџет на ЕУ, кој има тенденција на раст за да ги задоволи зголемените потрошувачки потреби на сите земји-членки на Унијата, но и преку потребата за интензивирано усогласување на различните даночни системи на земјите членки на ЕУ, кои се извор за големи економски разлики, односно богат север и сиромашен југ. Даночната конкуренција е еден таков предизвик кој треба да биде надминат со процесот на даночна хармонизација. Голема помош во надминување на економските несогласувања меѓу земјите членки на Унијата има Пактот за стабилност и раст, кој треба да биде столб за фискалната дисциплина во ЕУ имплементирана преку фискалните правила.

**Евалуација на труд бр. 2: Фискална политика на Европска Унија – практикум.** Практикумот „Фискална политика на ЕУ“ има за основна цел да обезбеди учебно помагало со кое ќе може да се реализираат вежбите по предметите Монетарна и фискална политика на ЕУ, Јавни финансии и Локални финансии, а кои се изучуваат на неколку студиски насоки на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип. Првично, пред да се пристапи кон изработка на овој практикум беше застапена дилемата дали е потребно воопшто да се изработи практикум за предмети кои се претежно теоретски, но искуството од реализацијата на вежбите ми послужи да размислам кон понуда на ова учебно помагало, кое треба да им претставува една олеснителна околност на студентите при реализацијата на часовите за вежби по соодветните предмети. Практикумот е составен од повеќе точки, односно теми, кои треба да бидат предмет на дискусија или дебата помеѓу одредени групи студенти на часовите за вежби. Секоја група студенти има за задача да подготви аргументи „за“ и „против“ одредена тема и тие треба да ги презентира пред останатите студенти на часот. По завршената презентација на аргументите, студентите треба да бидат подготвени да одговорат на прашања од страна на професорот и останатите студенти. Откако ќе биде реализирана одбраната на наведените аргументи, секој студент добива соодветен потпис од професорот, како верификација на своето присуство на вежбите по соодветниот предмет. Практикумот содржи 40 наслови, како и оставен простор за обработка на некои актуелни теми кои може да побудат интерес кај студентите. Темите наведени во него ги покриваат предвидените наставни содржини за предметите: Монетарна и фискална политика на ЕУ и Јавни финансии, а делумно и Локални финансии, кои се изучуваат на Економскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

**Евалуација на труд бр. 3: Diminishing inter-linkages of the South East European stock markets / Намалување на меѓусебната поврзаност на берзите во ЈИЕ.** Овој труд го истражува нивото на односи на пазарите на ЈИЕ во три анализирани периоди: периодот пред кризата, средината на кризата и посткризниот период. Откривме дека односите на пазарите на ЈИЕ со репер на развиени пазари, и меѓу нив, не се стабилни на долг рок. Користејќи го моделот VAR, Гранџер каузалност, импулсен одговор и декомпозиција на варијансата, дојдовме до заклучок дека додека во кризниот период берзите на ЈИЕ покажуваат високи меѓусебни односи меѓу нив и со развиените пазари, меѓусебните врски се намалија по кризниот период. Во преткризниот и посткризниот период пазарите на ЈИЕ имаат просечни нула корелации, скромни интеракции во однос на заостанувањето со водечките земји, мали одговори на други пазарни шокови, а поголемиот дел од варијансата се објаснува преку сопствен шок. Спротивното е вистина за кризниот период, кога пазарите на ЈИЕ имаат значително приспособен ефект и секој пазар одговара на импулсите што доаѓаат од повеќето други пазари. Ова укажува на тоа дека во периодот на нестабилност и неизвесност пазарите на ЈИЕ следат заедничкиот пат, а во мирни периоди со оптимизам и позитивни очекувања се намалуваат односите на заостанатите пазари на пазарите на ЈИЕ со развиените берзи.

**Евалуација на труд бр. 4: Empirical distribution of stock returns of Southeast European emerging markets / Емпириска дистрибуција на стапката на поврат на акциите на ЈИЕ пазари во развој.** Претпоставката дека стапката на поврат на капиталот ја следи нормалната дистрибуција, многу често правена од теоријата и апликациите на финансиската економија, силно е отфрлена преку емпирискиот доказ презентиран во овој труд. Како што беше откриено во многу други студии, ние потврдуваме дека стапките на поврат на акциите ја следат лептокуртичната дистрибуција и асиметричната дистрибуција, која во повеќето пазари на ЈИЕ е негативна. Овој труд испитува понатаму дали постои каква било дистрибуција која може да се смета за оптимална за стапките на поврат на акциите во регионот на ЈИЕ. Преку користење на дневни, неделни и месечни примероци за период од пет години од десет ЈИЕ земји во развој, ние применивме Anderson-Darling тест за да видиме до кој обем набљудуваните податоци одговараат на очекуваните вредности. Ние сериозно ги отфрламе претходно спомнатите претпоставки за нормалност за сите разгледани примероци на дата сетови и откривме дека дневните стапки на поврат на акциите се најдобро прикажани со Johnson SU дистрибуцијата каде што за неделни и месечни стапки на поврат на акции немаше доминантна, но многу дистрибуции можат да бидат сметани како погодни.

**Евалуација на труд бр. 5: The Effects on the Aggregate Demand and Aggregate Supply during the Great Economic Depression / Ефектите врз агрегатната побарувачка и агрегатната понуда за време на Големата економска депресија.** Големата депресија од 1929 година креирала значајни последици за економијата на САД и светската економија што се детектирани преку сериозни промени во националниот производ и цените. Придонесе да се стави поголем акцент на агрегатната побарувачка и понуда. Многу економисти се согласни дека покрај монетарните фактори голем импакт на кризата имаат и немонетарните фактори. Бројни студии укажале дека дури и златниот стандард играл важна улога во намалувањето на националниот производ и нивото на цените. Овој труд се труди да ги одбележи главните сегменти, како што е погрешната монетарна политика, златниот стандард, запоставените банкарски проблеми, политичкиот притисок насочен кон релаксирање на монетарната политика, како области каде што настанале грешки кога се барало изрез од кризата. Покрај анализата на агрегатната побарувачка сериозно внимание е посветено на агрегатната понуда изразено преку ефектите на финансиските кризи и ригидноста на номиналните плати. Овој труд ги анализира и каналите на должничка дефлација и стабилност на банкарскиот капитал.

**Евалуација на труд бр.6: The Great Economic Depression and the Fiscal Policy / Големата економска депресија и фискалната политика.** Големата депресија е позната како една од најголемите кризи во економската историја која предизвика сериозни последици изразени преки зголемена невработеност, високи стапки на дефлација, банкарска паника, банкарска криза и банкротство на многу компании и домаќинства. Трудот ги разгледува различните коментари на економисти, почнувајќи од оние кои сметале дека кризата била предизвикана од монетарни фактори (преку монетарна политика, златниот стандард, ранлив банкарски сектор), други автори кои сметале дека причините лежат во реалниот сектор и трето во недоволната агрегатната побарувачка. Понатаму, трудот ја испитува Кејнзијанската теорија и нејзиниот обид да се објасни и надмине кризата и нивните погледи за зголемената активност на државата во периоди на низок економски раст и висока невработеност.

**Евалуација на труд бр.7: Economic Evaluation of Investment Project for Maintenance of Urban Forestry / Економска евалуација на инвестиционен проект за одржување на урбана шума.** Целта на оваа студија е да обезбеди економска евалуација на проект за одржување на урбана шума преземена од страна на Град Скопје во Македонија. Економската евалуација опфаќа споредба на сегашните вредности на проценетите идни бенефити и трошоци за расадување на големи дрва. Според тоа, тука се применува трошковно-корисна анализа за да се споредат искористените користи и трошоци од расадувањето на големи дрва и да се процени дали користите за општеството се поголеми отколку трошоците.

**Евалуација на труд бр. 8*:* Expected Equity Risk Premium: Survey Approach in the Case of a Small Emerging Market / Очекувана премија за ризик на капиталот: Анкетен пристап во случајот на мал пазар во развој.** Проценката на премијата на ризик на капиталот е тешка во случајот на развиените економии со созреани берзи и дури е потешко во случајот на пазарите во развој со кратка и променлива историја на берзата. Во овој труд ќе се прикаже обидот да се процени очекуваниот ЕРП како клучен параметар за финансиските теоретичари и практичари користејќи го анкетниот пристап во случајот со Македонија како мала и отворена пазарна економија. Ќе се покаже дека размената ризик-поврат е одржлива. Имено, проценетиот ЕРП за Македонија за 2013 година изнесува 10,84% и 10,92% во просек за следните 10 години.

**Евалуација на труд бр. 9*:* The Comprehension of the Financial Crises / Разбирањето на финансиските кризи.** Финансиските кризи станаа едни од најлошите кошмари за многу политичари и економисти кои воделе до тоа многу истражувачи да ги анализираат нивните импликации. Во овој труд пристапот на авторите е да ги објасни видовите на финансиски кризи, нивните карактеристики и реперкусиите од нив. Доколку политичарите имаат повеќе информации за кризите, тогаш тие можат да бидат повнимателни во планирањето, дизајнирањето и имплементирањето на некои круцијални мерки во економската политика.

**Евалуација на труд бр. 10: The Coordination of Fiscal and Monetary Policy in Context of Economic Stability - The Case of Macedonia / Координација на фискалната и монетарната политика во контекст на економската стабилност – случајот на Македонија.** Целта на овој труд е да се потенцира релевантноста од ефикасна координација на фискалната и монетарната политика со цел да се постигне економска стабилност и просперитет. Се анализираат неколку критични економски ситуации како ниско ниво на индустриско производство, ескалација на хиперинфлаторна тензија, висока невработеност, непосакувано ниво на платен биланс и ниски девизни резерви за време на 90-тите во Македонија.

**Евалуација на труд бр. 11: ACE Tax vs ASE Tax:The Croatian and Nordic Experience for Higher Neutrality / АЦЕ против АСЕ данок: Хрватското и нордиското искуство за повисока неутралност.** Можеме слободно да изјавиме дека даноците имаат две страни. Првата и добра страна е нивната улога во модерните јавни финансии на одржување на

финансиското здравје на една модерна држава. Втората непријатна природа, којашто го окупира интересот во овој труд е економската ефикасност и релативно високиот потенцијал за даноци за да се нарушат активностите на економските учесници и можеби да креираат прекумерен товар во економијата. Даночните дисторзии се вообичаени за сите различни групи на даноци, но за корпоративните даноци се особено евидентни. На пример, еден од најтипичните е дисторзијата на корпоративните финансии, кога се прави избор за финансиската алтернатива на инвестицискиот проект. Интенцијата на овој труд е да се истражат нивните имоти од аспект на неутралноста и критериумот на алокација и да ги спореди откритијата со класичниот данок на корпорации (CCT).

**Евалуација на труд бр. 12: The Comprehensive Business Income Tax System: A Proposal for Ultimate Neutrality between Debt and New Equity Issues? / Сеопфатен систем за данок на добивка: предлог за ултимативна неутралност помеѓу долгот и новите емисии на капитал.** Мнозинството на експерти се согласуваат дека даноците се дисторзивни по природа. Ова е релативно точно за сите групи на даноци, но за корпоративните даноци е особено очигледно. Корпоративните даноци можат да влијаат на однесувањето на компанијата на повеќе начини и еден од нив е дисторзија на изворите за финансирање. Како што е познато, компаниите вообичаено се соочуваат со 2 различни финансиски алтернативи за покривање на нивните инвестициски можности: долг и капитал. Ние избравме да го испитаме сеопфатниот систем на данок на добивка, предлог на Министерството на финансии на САД и да го споредиме базичниот „класичен“ пристап во корпоративното оданочување.

**Евалуација на труд бр.13: Corporate Taxation and Investment: The Case of the Split Rate Corporate Tax System in Macedonia / Корпоративното оданочување и инвестиции: случајот на рамен данок на добивка во Македонија.** Во овој труд ги истражуваме ефектите од корпоративното оданочување на инвестициите преку методолошка рамка на ефективна маргинална даночна стапка. Целта е да се анализира инвестициската одлука во случајот на изолирана имплементација на корпоративните даноци, што значи дека ефектите од т.н. „двојно оданочување“ наметнато од персоналните даноци не се земени предвид. Се надеваме дека ќе докажеме дека овие услови генерираат неизедначена дистрибуција на даночниот товар.

**Евалуација на труд бр. 14: The Role of Fiscal Rules in Ensuring Fiscal Discipline / Улогата на фискалните правила во обезбедување на фискална дисциплина.** Потребата да се посвети сериозно внимание на прашањето на фискална дисциплина во многу земји покренало прашање за имплементација на адекватни алатки со цел да се контролира неодговорната фискална политика прека нагласување на важноста на фискалните правила и фискалните совети. Целта на овој труд е да се анализираат предностите и недостатоците на овие фискални правила, како и што треба да преземат државите за подобрување на прудентноста во фискалната политика, кредибилноста на државните институции и намалување на нивото на задолженост. Овој труд ги нагласува проблемите со кои се соочуваат многу земји кои применуваат некој вид на фискално правило особено во лоши економски услови.

**Евалуација на труд бр.15: The American real estate bubble - Trigger for the biggest financial crisis in the last century / Американскиот меур на недвижности – причинител на најголемата финансиска криза во последниот век.** Во последните години светот беше соочен со најлошата економска криза од 1929 до 1933 год. што водеше до значаен пад во глобалната економија, бурни шокови во финансискиот и реален сектор, сериозен потрес во довербата во финансиските институции и стабилноста на глобалниот финансиски систем. Овој труд се фокусира на кризата којашто започна во летото 2007 година во САД кога зголемената деликвентност на секундарниот пазар за хипотеки креираше турбуленции на секундарниот пазар на хартии од вредност покриени со резиденцијални кредити. Турбуленцијата потоа се пренесе на други пазари на хартии од вредност, пазарот

на пари, финансиските институции, со ефекти кои се пренесоа во сите пазарни сегменти, па и реалниот сектор. Трудот настојува да го детектира потеклото на оваа криза и да ги анализира потенцијалните владини грешки што довеле до светска економска криза.

**Евалуација на труд бр. 16: Indicators of the corporate income tax burden in Macedonia / Индикатори на корпоративниот даночен товар во Македонија.** Овој труд претставува опсежна анализа на веродостојни индикатори на даночен товар на корпоративниот доход во Македонија. Очигледно е дека за мнозинството земји во ЕУ дека развиените тенденции на зголемени даночни стапки како адекватен одговор за тековните кризи и зголемениот јавен долг се нефункционални. Од друга страна, Македонија е една од ретките земји која успеала да ја задржи непроменета нејзината даночна политика. Целта на овој труд е да се етаблира и анализира најважниот данок на добивка и неговиот товар во домашната економија. Тие опфаќаат примена на општи индикатори на корпоративниот даночен товар, како законска даночна стапка, структура на даночни приходи показател Корпоративен данок/БДП, како и мерила на ефективните даночни стапки. Резултатите на овие анализи ќе покажат дека имплементираните даночни реформи ја претворија оваа земја во една од најпосакуваните даночни дестинации за инвестиции во Европа.

**Евалуација на труд бр. 17: The effects of discretionary fiscal policy on macroeconomic aggregates / Ефектите на дискреционата фискална политика врз макроекономските агрегати.** Доказите за примената и ефектите на дискреционата фискална политика, особено во контекст на последните напори за стимулирање на економијата е разгледано со извлекување на два заклучока. Прво, политичките интервенции се зголемиле во оваа декада пред стимулациите во 2009 година. Второ, покрај обемната економска литература на оваа тема, состојбата со теоријата и праксата не е доволно подготвена како што се посакува. Иако, потрошувачката и инвестициите очигледно одговараат на даночните поттикнувања и структурните векторски авто регресии покажуваат дека ниските даноци и високата државна потрошувачка може да го лансираат националниот производ. Сепак, тешко е да се применат овие откритија во тековниот контекст, делумно поради мултипликаторите и навиката на политичките заостанувања да варираат со економските услови. Овој труд ги разгледува теоретските предвидувања и неодамнешниот ВАР доказ за краткорочните ефекти на дискреционата фискална политика на макроекономските агрегати.

**Евалуација на труд бр. 18: Effective tax burden on investment at corporate level in Macedonia / Ефективниот даночен товар на корпоративните инвестиции во Македонија.** Овој труд ги претставува проценките на ефективните даночни стапки на корпоративните инвестиции во Македонија во периодот од 2006 до 2012 година. Како дополнување во насока на комплетирање на ова истражување ќе бидат користени три основни и најчесто користени индикатори на корпоративен даночен товар. Тие се трошокот на капитал, ефективната маргинална даночна стапка и ефективната просечна даночна стапка согласно со методологијата на Devereux-Griffith.

**Евалуација на труд бр. 19: Public debt management / Управување со јавниот долг.** Трудот го опишува сегментот на управување со јавниот долг или конкретно структурата на јавниот долг. Тој се фокусира на различни видови на ризици кои претставуваат потенцијална опасност за експлозија на јавниот долг. Настојува да ја објасни државната цел за позајмување на пари под најниска стапка и да ја одржи фискалната стабилност. Исто така, објаснува некои практични прашања поврзани со оваа тема за Македонија во периодот од 2009 до 2011 година.

**Евалуација на труд бр. 20: Coordination of EU Politics / Координација на политиките на ЕУ.** Рамката за координација на политики на ЕМУ се потпира на принципот на задолженија: ЕЦБ е одговорна за единствената монетарна политика, додека другите економски политики се извршуваат од страна на владите преку принципот на супсидијарност почитувајќи ги правилата и процедурите содржани во Мастрихтската

спогодба и Пактот за стабилност и раст. Политичките задолженија и институционалните аранжмани на ЕМУ ја поткопуваат важноста на економската и монетарна стабилност како предуслов за ефикасно функционирање на монетарната унија. Политичката координација може да биде дефинирана како супранационални правила или норми кои се усвоени од сите земји членки, кои ја отстапуваат примарната одговорност на националните авторитети, но поставуваат лимити на нивната дискреција. Целта на овој труд е да се анализира и дискутира координацијата на фискалната и монетарната политика во ЕМУ, применетите методи и принципи на политичка координација, процесот на макроекономска координација и проценката на координативните ефекти.

**Евалуација на труд бр. 21: Classical corporation tax system: the classical model of pure “double” taxation of company’s income / Класичен систем на корпоративен данок: класичен модел на двојно оданочување на доходот на компанијата.** Во трудот подолу се прикажани персоналните даноци со интенција да се испита инвестициската одлука од аспект на акционерот. Со други зборови, да се анализираат ефектите од интегрираната имплементација на корпоративните и персоналните даноци, феномен познат како двојно оданочување. За таа цел се истражуваат карактеристиките на класичниот корпоративен даночен систем, кој е познат како класичен пример за модел на чисто двојно оданочување на корпоративниот доход.

**Евалуација на труд бр. 22: Tax Treatments of Private Pension Plans / Даночните третмани на приватните пензиски планови.** Различните даночни стимулации биле интензивно користени од страна на земјите како поддршка на приватните пензиски планови. Националните даночни власти го задржуваат дискрециското право да имплементираат даноци на сите три трансакции во рамките на приватните пензиски сметки (плаќање на придонеси, приходот од инвестиции и исплатата на пензии) или евентуално да применат поадекватни даночни комбинации. Целта на овој труд е да се евалуираат стимулативните ефекти што произлегуваат од сегашните, како и можните даночни режими на приватните пензиски планови. Компаративната анализа го открива популарниот тренд меѓу земјите на т.н. „даночно фаворизирани пензиски шеми“, чии ефекти на оданочување интегрално креираат позитивни стимулации кои ги поддржуваат заштедите над потрошувачката и водат кон раст на приватните пензиски фондови.

**Евалуација на труд бр. 23: Fiscal policy and economic development / Фискалната политика и економскиот развој.** Современите трендови на фискалните реформи укажуваат на одредени промени во перцепцијата за улогата и значењето на фискалната политика. Финансиската криза, колапсот на финансиските пазари, длабоките рецесии, растечките стапки на невработеност, како и растот на социјалното незадоволство претставуваат знаци дека е дојдено време за круцијални промени во приоритетите на генералната економска политика водена од страна на државите. Во тој контекст, фискалната политика која е третирана како интегрален дел од економската политика подлегнала на модификации на нејзината улога и севкупни цели.

**Евалуација на труд бр. 24: Реформата на пензискиот систем во глобални рамки (општи трендови и правци).** Целта на трудот е да се презентираат, објаснат и анализираат мерките кои се предлагаат со глобалните реформи на пензискиот систем. Меѓу нив спаѓаат: замена на јавните “pay-as-you-go” со приватни пензиски системи, премин кон актуарно неутрални пензиски шеми, блокирање на каналите за предвремено пензионирање, воведување на флексибилност во пензионирањето (пензионирање по избор, комбинација на работа и примање на пензија, прогресивно или фазно пензионирање), стимулирање на влезот во доброволните пензиски столбови, воведување на задолжително приватно пензиско осигурување, зголемување на законската старосна граница за пензионирање, редуцирање на бенефитите од јавните пензиски шеми, формирање на повисоки пензиски резерви во државниот буџет, зголемување на стапката на придонесот за пензиско осигурување и сл. Во насока на подобро запознавање со поимот на штедењето или поконкретно, пензиското

штедење, направен е краток осврт врз Теоријата на животниот циклус, како најдоминантна во тој поглед, додека за целите на анализата се користени дескриптивниот и компаративниот метод.

**Евалуација на труд бр. 25: Економски теории на јавен избор.** Ова истражување овозможува дополнителни „динамични“ разгледувања во процесот на гласање што ќе се додадат на „статичкото“ разбирање на моделот на среден гласач и хипотезата на Тибут. Се констатира дека промените во составот на гласачи ќе влијае на профилот на среден гласач, што за возврат ќе има ефект на „побарувачката“ за јавни добра, кој произлегува од создавањето на „нов“ среден гласач. Ова значи дека: 1) индивидуите, трудејќи се да ги максимизираат нивните преференции, ќе го адаптираат однесувањето на применетите владини политики; и 2) законодавците и јавните службеници, трудејќи се да ги максимизираат нивните политички профити, ќе ја задоволат побарувачката генерирана од страна на „динамичниот“ среден гласач. Клучен елемент на моделот на јавен избор е признавањето на постоењето кружна причинска врска создадена од одлуките на средниот гласач со владините политики. Тоа подразбира дека промените во владините политики се ендогени за системот и дека се креирани со имплементацијата на политиките.

**Евалуација на труд бр. 26: Финансиската криза во Бразил и Аргентина.** Финансиската криза во Бразил и во Аргентина во 90-тите години претставува основниот фокус во овој труд, преку кој се настојува да се доловат различните причини и фактори кои довеле до драстични промени и нерамнотежи во националните економии на овие две земји. Секако, од особен интерес е примената на соодветни мерки на властите во двете економии во соработка со ММФ за пронаоѓање на излез од таквата економска состојба која би била во насока на враќање кон состојбата на економски раст. Сето тоа се засновало на примената на мерките од „Реалниот план“ во Бразил и „Планот за конвертибилност“ во Аргентина кои требало да ја постигнат посакуваната економска стабилност.

**Евалуација на труд бр. 27: Природата и ефектите на даночната инциденца (со посебна анализа на некои одбрани земји).** Во светот на економијата, економските промени не предизвикуваат само поединечни ефекти туку цела серија ефекти. Притоа, само првичниот примарен ефект е очигледен затоа што се манифестира симултано заедно со неговата причина. Задачата на економистите не е само да ги набљудуваат видливите првични ефекти, туку и да ги предвидат секундарните. Даночната инциденца претставува појава која се состои од одредени секундарни ефекти предизвикани од однесувањето, односно реакцијата на економските субјекти на плаќањето на даноци. Затоа, целта на овој труд е да се опишат, идентификуваат и објаснат дистрибутивните ефекти на даночната инциденца, како и факторите од кои тие зависат. Проучувањето на овој феномен се иницира повторно како резултат на потребата за постигнување на поголема транспарентност на даночниот товар во рамки на современите даночни системи. Во таа насока, во продолжение е направен и увид на состојбата со даночната инциденца во некои одбрани земји од групата на ОЕЦД, преку анализа на коефициентот на даночното премостување на сегментите на пазарот на труд и на пазарот на капитал.

**Евалуација на труд бр. 28: Теории за буџетска рамнотежа.** Денешните современи трендови во економијата придонесоа да се посвети посериозно внимание на фискалната политика, како средство за пронаоѓање на излез од економските тешкотии во кои се пронашле многу земји, но пред сè како инструмент за воспоставување на макроекономска рамнотежа. Во овој труд е направен осврт на неколку теории за буџетска рамнотежа кои ги толкуваат предностите и слабостите од нивните поставки, а кои можат да бидат искористени при креирање на фискалните политики.

**Евалуација на труд бр. 29: Релевантноста на фискалните стимулации.** Глобалната финансиска криза и должничката криза во ЕУ наметнаа некои подзаборавени гледишта за начините на кои земјите можат да се извлечат од таквите негативни движења во нивните

економии. Најдоминантен пристап во сите беше поголемата инволвираност на фискалната политика во стимулирање на економијата, која се засноваше на координиран пристап на повеќе фискални авторитети за да биде посилен ефектот. Во контекст на таквите фискални аспирации на многу земји, во овој труд е направен анализа на фискалните стимулации и каналите преку кои се рефлектираат ефектите од промените во инструментите на фискалната политика, односно на јавните приходи и јавните расходи.

**Евалуација на труд бр. 30: Улогата на фискалната политика во рамките на Кризата во Мексико или „Tequila crisis" од 1994 до 1995 година.** Овој труд нагласува неколку важни лекции од Текила кризата од 1994 до 1995 година, особено за земјите во развој, кои произлегуваат од анализата: (1) режимите на врзани номинални девизни курсеви се исклучително опасни, (2) силната прудентна супервизија на банкарскиот систем е од клучно значење за спречување на финансиски кризи, (3) финансиската либерализација мора да се управува исклучително внимателно и (4) различни политики се потребни за да се промовира обновата во земјите во развој и во индустриски развиените земји. Согласно на ова, креаторите на политиките треба, како многу важна политичка цел, да се стремат кон избегнување на такви кризи, бидејќи тие се екстремно скапи за домашната економија. Важно е да се напомене дека БДП на Мексико се намали за 7% во 1995 година, потрошувачката се намали за повеќе од 17% и инвестициите паднаа за 30%. Постои генерален консезус дека фискалната политика не беше главна причина на кризата, најмалку во смисла на перзистентен дефицит кој го поткопува фиксниот девизен курс како во класичниот модел на Кругман (1979). Многубранители на „преценетите" објаснувања се сложуваат дека динамиката беше водена од приватниот сектор, а не од дефицитот на јавниот сектор.

**Евалуација на труд бр. 31: Основните принципи за водење на оптимална монетарна политика.** Неодамнешната финансиска криза бара сериозни размислувања за деталите на базичната рамка за стратегија на монетарната политика. Ние сега признаваме дека финансискиот сектор игра многу важна улога во макроекономијата и тоа го прави понекогаш нелинеарно. Теоријата на оптимална монетарна политика започнува со специфицирање на објективна функција, која претставува економска благосостојба, а тоа е добриот статус на домаќинствата во економијата и тогаш ја максимизира оваа објективна функција подложена на ограничувања што се обезбедени од страна на моделот на економијата. Пред кризата, објективната функција и моделот на економијата биле засновани на принципите на нова неокласична синтеза. Лошите вести се дека поминавме низ кредитно цунами кое се случува еднаш во сто години кое имаше разорувачки импакт на економијата. Добрите вести се што макро/монетарните економисти и централните банкари не мора да одат назад и да го исфрлат сето она што го научиле во последните 40 години. Голем дел од науката за монетарната политика остана недопрена. Сепак, есенцијата на оптималната монетарна политика и нејзината стабилизациона политика е заснована на неколку базични принципи што ќе бидат анализирани во овој труд.

**Евалуација на труд бр. 32: Буџетскиот дефицит, јавниот долг и економските импликации – докторска дисертација.** Предмет на истражување на докторската дисертација „Буџетскиот дефицит, јавниот долг и економските импликации" претставува утврдувањето на потенцијална корелација помеѓу буџетскиот дефицит, јавниот долг и економските импликации. Во денешната теорија и практика повторно станува релевантно значењето на буџетскиот дефицит во водењето на фискалната политика. Кога една земја сака да оствари долгорочен економски развој често прибегнува кон финансирање на буџетскиот дефицит со јавен долг. На тој начин јавниот долг се етаблира како многу снажен инструмент на државната интервенција во поглед на контрола на монетарните движења и контрола на потрошувачката, односно елемент со кој успешно се делува на сите фактори кои го детерминираат националниот доход, а често и вработеноста. Целта на истражувањето на оваа докторска дисертација е да се утврди влијанието на буџетскиот дефицит и јавниот долг врз макроекономските движења. Всушност, се истражуваат ефектот на мултипликаторот, ефектот на „дефицити близнаци" и посебен акцент е ставен на влијанието на буџетскиот дефицит и јавниот долг врз истиснување на приватниот сектор

од пазарот на капитал („crowdingout“ ефектот), а тоа се вложувања кои не придонесуваат за зголемување на доходот и вработеноста. Докторската дисертација е составен од воведен дел, 6 поглавја (Буџетскиот дефицит и неговата улога во фискалната политика, Буџетскиот дефицит и јавниот долг во економската теорија, Фискалните правила како критериум за остварување на фискалните цели, Буџетскиот дефицит и јавниот долг во Европската Унија, Буџетскиот дефицит и јавниот долг во Република Македонија и Менаџмент со јавен долг), заклучок и користена литература. Составна компонента на воведниот дел се и применетите методолошки пристапи во истражувачкиот процес.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Кандидатот доц. д-р Стеван Габер, покрај претходно опишаните наставно-образовни и научноистражувачки активности, има остварено и други активности во насока за ефикасно функционирање на Економски факултет, а со кои се верифицира неговата посветеност и професионалност во високообразовниот процес. Такви се:

- учество во 6 факултетски комисии;
- учество во уредувачки одбор на меѓународно списание „Journal of economics”;
- учество во изработка на елаборати;
- учества на неколку работилници.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Во согласност со Законот за високо образование и Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, како и по деталното разгледување на комплетно доставената документација пропишана во Конкурсот, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот доц. д-р Стеван Габер ги исполнува сите услови за избор во наставно-научно звање вонреден професор.

Врз основа на наставно-образовната, научноистражувачката, стручно- апликативната и севкупната активност во периодот од избор во доцент до денес, Комисијата го верификува научниот и стручен развој на кандидатот доц. д-р Стеван Габер преку остварени вкупно 226 поени (НО30+НИ145+САОР51).

Според изнесеното, Комисијата има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Економски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, доц. д-р Стеван Габер да биде избран во **звање вонреден професор во научната област фискална економија.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Трајко Мицески, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Живко Атанасовски, член, с.р.**
**Проф. д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска, член, с.р.**

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| **Р. бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1** | Избор во звање доцент | 1 | 30 | | | 30 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **30** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1.** | Монографија или научна книга (р.б.1) | 1 | 10 | | | **10** |
| **2.** | Дел од монографија или научна книга (р.б.2) | 1 | 6 | | | **6** |
| **3.** | Научен труд објавен во списание со ИФ (прв автор, втор автор, останати автори) (Р.б. 3) | | | 1 | 5 | **5** |
| **4.** | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори) | (прв автор-5, 9, 14, 17, 19) - 5x9п.=45 (втор автор - 4, 6, 7, 10, 11, 12, 13, 15, 16, 18) - 10x6=60 (останати автори-8) – 1x3=3 Вкупно=45+60+3=108 | | | | **108** |
| **5.** | Учество на научен собир со реферат (постер/усно), концерт во земјава и во странство (22, 23, 24) | | | 3 | 2 | **6** |
| **6.** | Одбранета докторска теза (32) | 1 | 8 | | | **8** |
| **7.** | Член на уредувачки одбор на научно списание (СЦИ/ЦА/останати) | 2 | | | | **2** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **145** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1.** | Труд во стручно (научно-популарно) списание (25-31 / 20,21) | 7 | 2 | 2 | 6 | **26** |
| **2.** | Учесник во научен проект (максимум во три проекти) (33) | 1 | 5 | | | **5** |
| **3.** | Стручни награди и признанија | 2 | 4 | | | **8** |
| **4.** | Член на факултетски орган, комисија | 6 | 2 | | | **12** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **51** |
| | **Поени кои се однесуваат на целокупната актива на кандидатот** | **НО** | **НИ** | **САОР** | | |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | **30** | **145** | **51** | | **226** |